**2021141863**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 мај 2021 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/16 и 164/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 97/19) во насловот и во членот 1 зборовите „Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор“ се заменуваат со зборовите „Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество“.

Член 2

Во член 2 став (1) во алинејата 1 зборовите „се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор“ се заменуваат со зборовите „влијае на околината во која се развива граѓанското општество“.

Алинејата 4 се менува и гласи:

„- спроведува активности за подигање на свеста за промовирање на култура на соработка и партнерство;“.

Во алинејата 5 на крајот на реченицата точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите „преку разгледување на квартални извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата;“.

Во алинејата 8 на крајот на реченицата точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите „врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државната управа;“.

Алинејата 10 се менува и гласи:

„- разгледува предлози поднесени од организации и зазема ставови по прашања поврзани со овозможувачка средина за организациите;“.

По алинејата 10 се додава нова алинеја 11, која гласи:

„- номинира претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела;“.

Член 3

Во член 3 став (2) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците;“.

Алиејата 14 се брише.

Член 4

Во член 9 став (1) во алинејата 2 по зборот „три“ се додава зборот „последователни“, а зборовите „во текот на една година“ се бришат.

Член 5

Низ целиот текст зборовите „граѓанскиот сектор“ се заменуваат со зборовите „граѓанското општество“.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-4942/1
25 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.